РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 23.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4235/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за финансиски лизинг, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Ѓорѓија Сајкоски
Бране Петрушевски
Ели Панова
Дафина Стојаноска
Пеце Милевски
Лидија Петкоска

Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА
ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ, по скратена постапка

.

Скопје јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Областа на лизингот во Република Северна Македонија во моментов е уредена со Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22). Со постојниот закон се уредуваат условите за вршење на лизинг, правата и обврските на договорните страни, како и одредени прашања поврзани со работењето на друштвата за лизинг.

Состојбите на пазарот, како и примената на постојниот закон во изминатиот период укажаа на потребата од понатамошно унапредување на правната рамка, особено во делот на условите за основање и работење на давателите на финансиски лизинг, корпоративното управување, механизмите за надзор, транспарентноста во работењето, како и заштитата на корисниците на лизинг. Исто така, постојниот Закон за лизинг не содржи доволно прецизни одредби во однос на критериумите за репутација на основачите и членовите на органите на управување.

Дополнително, согласно Реформската агенда беше предвидено спроведување на анализа на тековната употреба на лизингот од страна на малите и средните претпријатија, како и анализа на постојната законска рамка со цел идентификување на пречките за поширока примена на лизингот како алтернативен инструмент за финансирање. Врз основа на резултатите од спроведените анализи беше утврдена потреба од унапредување на законската рамка со цел поттикнување на користењето на лизингот како извор на финансирање, особено за малите и средните претпријатија, како и создавање поповолни услови за развој на пазарот на лизинг.

Воедно, заради имплементирање на препораките на MONEYVAL Комитетот при Советот на Европа во областа на спречувањето на перење пари и финансирањето на тероризмот, се воведуваат критериуми за соодветност и репутација (fit and proper критериуми) кои треба да ги исполнуваат основачите и членовите на органите на управување на давателите на финансиски лизинг. Со овие решенија се зајакнува интегритетот на субјектите кои можат да вршат финансиски лизинг.

Имајќи ги предвид наведените причини, како и потребата од воспоставување современа, јасна и сеопфатна законска рамка, се утврди потреба од донесување нов Закон за финансиски лизинг со кој на системски начин ќе се уредат основањето, работењето и надзорот над давателите на финансиски лизинг, ќе се зајакне правната сигурност на сите учесници на пазарот и ќе се создадат услови за понатамошен развој на лизингот како значаен инструмент за финансирање на стопанството.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основна цел на Предлогот на закон е унапредување на правната и институционалната рамка за вршење на финансиски лизинг преку воспоставување јасни правила за основање, работење и надзор над давателите на финансиски лизинг.

Предлогот на закон се заснова на начелата на законитост, транспарентност, правна сигурност, финансиска стабилност и ефикасен надзор.

Основните решенија се однесуваат на уредување на условите за основање и работење на давателите на финансиски лизинг, воведување на критериуми за соодветност и репутација на членовите на органите на управување, уредување на правата и обврските од договорот за финансиски лизинг, воспоставување на регистри, зајакнување на овластувањата за надзор на Министерството за финансии и утврдување на прекршочни одредби и санкции.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон нема да предизвика дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства за субјектите опфатени со законот.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија предлагаме Собранието по Предлогот на закон за финансиски лизинг, да расправа по скратена постапка.

# ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

## Општи одредби

### Член 1

Со овој закон се уредува основањето, работењето и надзорот над давателите на фининансиски лизинг во Република Северна Македонија.

### Член 2

(1) Одредбите од овој закон не се однесуваат на банките основани во Република Северна Македонија.

(2) На договорите за лизинг соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, доколку со овој закон не е поинаку уредено.

(3) На давателите на финансиски лизинг се применуваат одредбите од Законот за стечај, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(4) На давателите на финансиски лизинг се применуваат одредбите од Законот за трговските друштва, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(5) На управните постапки утврдени во овој закон соодветно се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

## Дефиниции

### Член 3

(1) Лизингот е активност која се однесува на подвижен предмет и недвижен предмет, при која корисникот на лизинг го определува предметот на лизинг кој од страна на давателот на лизинг се дава на користење на корисникот на лизинг за договорен временски период, во замена за плаќање на надомест за користење на предметот на лизинг, врз основа на договорот за лизинг кој е склучен меѓу давателот и корисникот на лизинг, според условите определени во него.

(2) Финансиски лизинг е оној лизинг со кој се пренесуваат сите ризици и користи кои произлегуваат од сопственоста на еден предмет, било да е тој подвижен или недвижен, при што со истекот на определен временски период и по исполнување на обврските по договорот за финансиски лизинг, сопственоста може да се пренесе на корисникот на лизинг.

(3) Оперативен лизинг е договорен однос во кој давателот на лизинг му отстапува на користење на примателот на лизинг определен предмет за договорен временски период, за надоместок кој не мора да одговара на вкупната вредност на предметот на лизинг, при што правото на сопственост врз предметот останува кај давателот на лизинг. Корисникот на оперативен лизинг нема право на стекнување на сопственост врз предметот на лизинг по истекот на договорот, освен ако со договорот поинаку не е определено, а ризикот и трошокот на амортизација на предметот на лизинг ги сноси давателот на лизинг.

(4) Давател на финансиски лизинг се друштва со ограничена одговорност или акционерски друштва основани со дозвола од Министерството за финансии и кои вршат лизинг според начинот и условите утврдени со овој закон. (во понатамошниот текст: давател).

(5) Корисник на лизинг е правно или физичко лице кое го прима предметот на финансиски лизинг за употреба според договор за финансиски лизинг (во понатамошниот текст: корисник).

(6) Продавач е правно или физичко лице, кое го продава или на друг начин го обезбедува предметот на лизинг на давателот, за целите на склучување на договорот за финансиски лизинг.

(7) Предмет на финансиски лизинг е секој подвижен и недвижен предмет кој се дава на користење на корисникот, освен оној за кој со закон има ограничување да може да биде предмет на лизинг (во понатамошниот текст: предмет).

(8) Договор за финансиски лизинг е договор во писмена или електронска форма, склучен меѓу давателот и корисникот со кој давателот го дава предметот на користење на корисникот, под услови наведени во договорот за определен временски период.

(9) Договор за купопродажба е договор во писмена или електронска форма склучен меѓу продавачот на предметот на финансиски лизинг и давателот на лизинг.

(10) Репутација е чесност, компетентност, работливост и поседување личен интегритет, кои даваат сигурност дека лицето нема да влијае во насока на загрозување на стабилноста и сигурноста на давателот на финансиски лизинг и нарушување на угледот и довербата на давателот на финансиски лизинг.

(11) Соработник е:

- физичко лице коешто е на раководна позиција во правно лице во кое физичкото лице коешто има намера да стане акционер или содружник во давател на финансиски лизинг е на раководна позиција или е вистински сопственик на тоа правно лице,
- физичко лице коешто е вистински сопственик на правно лице во кое физичкото лице коешто има намера да стане акционер или содружник во давател на финансиски лизинг е на раководна позиција,
- физичко лице коешто со физичкото лице коешто има намера да стане акционер или содружник во давател на финансиски лизинг остваруваат контрола врз правно лице,
- физичко лице коешто со физичкото лице коешто е предложено за член на орган на управување во давател на финансиски лизинг, директно или индиректно и/или преку договор, остварува контрола врз правно лице.

## Давател на финансиски лизинг

### Член 4

(1)Давател на финансиски лизинг се основа како друштво со ограничена одговорност или акционерско друштво.

(2) Давател на финансиски лизинг се основа со основна главнина од најмалку 30.000.000 денари.

(3) Основната главнина од ставот (2) на овој член и сите натамошни зголемувања на основната главнина мора да бидат во паричен облик и да бидат уплатени во целост и не смее да потекнуваат од заеми и/или кредити.

(4) Основната главнина не смее да се намали под износот од ставот (2) на овој член.

(5) Давател на финансиски лизинг не смее да врши други активности освен финансиски и оперативен лизинг, како и активности и услуги поврзани со лизингот вклучувајќи и промет со вратените и одземените предмети на лизинг.

(6) Зборот „лизинг" или од него изведени зборови во називот може да ги користи само трговското друштво кое има дозвола за основање и работа за давател на финансиски лизинг издадена од Министерството за финансии.

Дозвола за основање и работа

Член 5

(1) За основање и работа на давател на финансиски лизинг потребна е претходна дозвола за основање и работа од Министерството за финансии.

(2) Лицата кои имаат намера да основаат давател на финансиски лизинг до Министерството за финансии поднесуваат барање за добивање дозвола.

(3)Кон барањето од ставот (2) на овој член се поднесуваат следниве прилози:

1) предлог-акт за основање;
2) предлог назив и седиште на друштвото за лизинг;
3) доказ за уплата на парични средства на име основна главнина на привремена сметка кај банка со седиште во Република Северна Македонија;
4) доказ за извори на средства за уплата на основната главнина;
5) идентитет на лицата кои имаат намера да основаат друштво за лизинг;
6) доказ дека основачот не е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело со безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата;
7) документ дека против основачот не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;
8) листа на предложен член, односно членови на органот на управување со докази за исполнување на условите од членот 6 од овој закон;
9) програма за работа на друштвото за лизинг со проекција на финансиски извештаи за наредните три години;
10) интерни процедури за вршење на финансиски лизинг, вклучувајќи и критериуми и услови за финансирање на корисникот на лизинг;
11) воспоставени правила и процедури за ефикасно намалување и управување со

идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање тероризам согласно со прописите за спречување перење пари и финансирање тероризам и

12) доказ за уплатен надоместок од ставот (11) на овој член.

(4) Доколку основач на давател на финансиски лизинг е правно лице, покрај документите и информациите од ставот (3) на овој член, кон барањето ги доставува и следните прилози:

1) извод од регистарот во кој е регистрирано седиштето на правното лице;
2) информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Централен регистар);
3) финансиски извештаи заедно со извештај на овластен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за последните две години;
4) документ дека против правното лице не е изречена мерка забрана за вршење на дејност;
5) документ дека против одговорното лице на правното лице не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност и
6) документ дека не е поведена стечајна или ликвидациона постапка над правното лице.

(5) Доколку основач на давател на финансиски лизинг е странско правно лице, покрај прилозите од ставот (3) на овој член, кон барањето ги доставува и следните прилози:

1) извод од регистарот во кој е запишано правното лице;
2) финансиски извештаи со извештај за извршена ревизија за последните две години и
3) потврда, уверение или друг вид на доказ издаден од соодветен орган во земјата во која е регистриран со кои ќе може да се потврди дека ги исполнува условите од ставот (4) точки 4, 5 и 6 на овој член.

(6) Основач на давател на финансиски лизинг од ставовите (3), (4) и (5) на овој член не може да биде лице кое не поседува репутација, со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на друштвото.

(7) Основачот на давател на финансиски лизинг не го исполнува условот за репутација од ставот (6) на овој член и доколку е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата и/или има соработник којшто е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата и отсуство на обвинителен акт којшто е влезен во правна сила.

(8) Прилозите од ставот (5) точки 1) и 3) на овој член не смеат да бидат постари од шест месеци, а се приложуваат во оригинал или во копија заверена на нотар. За прилозите кои изворно се на странски јазик потребно е да се приложи и заверен превод.

(9) Прилозите од ставовите (3), (4) и (5) на овој член, начинот на нивно доставување и начинот и постапката за нивно оценување ги пропишува министерот за финансии.

(10) Содржината на програмата за работа од ставот (3) точка 9) на овој член ја пропишува министерот за финансии.

(11) За поднесување барање за добивање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг се плаќа надоместок во износ од 600.000 денари.

(12) Содржината и формата на образецот на барањето за добивање дозвола од ставот (2) на овој член ја пропишува министерот за финансии.

Членови на орган на управување

Член 6

(1) Член на орган на управување со давател на финансиски лизинг може да биде лице:

1) кое има завршено високо образование;
2) кое има добра репутација и постапува со чесност и интегритет;
3) кое има три години успешно работно искуство во обласста на финансиите или банкарството по завршувањето на високото образование;
4) кое не било одговорно лице во трговско друштво над кое е поведена стечајна постапка;
5) против кое не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;
6) кое не е осудено со правосилна судска пресуда за кривично дело со безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата;
7) кое не е член на орган на управување во било кое друго трговско друштво во Република Северна Македонија.

(2) Помеѓу останатите елементи на критериумот од ставот (1) точка 2) на овој член, добрата репутација подразбира и неосудуваност со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци за која сè уште траат правните последици од пресудата, на лицето и на неговиот соработник и отсуство на обвинителен акт којшто е влезен во правна сила.

(3) Најмалку еден од членовите на органот на управување во давател на финансиски лизинг мора да биде лице со постојан работен однос во друштвото.

(4) Работниот однос од ставот (3) на овој член, членот на органот на управување е должен да го воспостави најдоцна во рок од 30 дена од денот на добивањето дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг, односно во рок од 30 дена од денот на добивање на претходна согласност за член на орган на управување согласно со членот 13 став (10) од овој закон.

(5) Видот на документите за исполнување на условите од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Одлучување по барање

Член 7

(1) По барањето од членот 5 на овој закон Министерството за финансии одлучува во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(2) Доколку барањето не е комплетно, Министерството за финансии го известува подносителот на барањето да ги достави потребните документи и информации најмногу во рок од 30 дена.

(3) Во рокот од ставот (1) на овој член не се пресметуваат роковите од ставот (2) на овој член.

(4) При одлучувањето по барањето Министерството за финансии особено ги оценува:

1) репутацијата на основачот, односно основачите на давателот на финансиски лизинг;

2) репутацијата, соодветните стручни знаења, способности и искуството на предложените членови на органот на управување;

3) економско-финансиската состојба, односно финансиската способност на основачот да дава поддршка на стабилното работење на давателот на финансиски лизинг;

4) соодветноста и реалноста на Програмата за работа и проекцијата на финансиските извештаи од член 5 став (3) точка 9) од овој закон;

5) дали постојат основани причини за сомневање дека во врска со уплатата на основна главнина за основање на давател на финансиски лизинг се врши или се прави обид да се изврши перење пари и/или финансирање тероризам.

(5) При оцената на критериумот од ставот (4) точка 5) на овој член, Министерството за финансии може да побара мислење од Управата за финансиско разузнавање.

(6) При оцената на критериумот од ставот (4) точка 5) на овој член, се оценува и дали основачот има седиште или живеалиште во земја којашто се наоѓа на листата на високоризични земји, објавена од страна на Управата за финансиско разузнавање во согласност со законот со кој се уредува спречувањето перење пари и финансирање тероризам или во земја која е предмет на рестриктивни мерки на Република Северна Македонија.

Отфрлање по барање

Член 8

(1) Министерството за финансии со решение го отфрла барањето за издавање на дозвола ако барањето не ја содржи документацијата пропишана со членот 5 од овој закон, или ако дополнително побараната документација не е доставена во законскиот рок.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Одбивање по барање

Член 9

(1) Министерството за финансии со решение го одбива барањето за издавање дозвола ако:

1) барањето содржи неточни или невистинити податоци;
2) во последните две години на подносителот на барањето му било одбиено барање за добивање дозвола или му била одземена издадена дозвола согласно овој закон;
3) уплатената основна главнина е помала од пропишаната со членот 4 став (2) на овој закон;
4) постојат основи за сомневање на потеклото на средствата за уплата на

основната главнина;
5) основачот и/или предложениот член на органот на управување не поседува репутација согласно со членот 5 став (6) од овој закон, односно членот 6 став (2) од овој закон, со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на финансиското друштво;
6) според информацијата за економско-финансиската состојба и извештајот за извршената ревизија, правното лице остварува загуба од работењето и има проблеми со одржување на финансиската стабилност и ликвидност;
7) вложувањето во основната главнина не е соодветно со економско-финансиската состојба на основачот и може да доведе до нејзино натамошно влошување;
8) против основачот е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;
9) програмата за работа со проекција на финансиските извештаи за наредните три години не е изработена согласно со прописот од членот 5 став (10) од овој закон од овој закон;
10) над основачот правно лице е поведена стечајна или ликвидациона постапка и
11) предложен член на орган на управување не ги исполнува условите од 6 од овој закон.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка во втор степен и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

(3) Доколку Министерството за финансии го одбие барањето поради постоење на причините од став (1) точка 4 на овој член, за тоа веднаш ја известува Управата за финансиско разузнавање.

Издавање на дозвола
Член 10

(1) Доколку се исполнети условите од членовите 5, 6 и 7 од овој закон, Министерството за финансии донесува решение за издавање дозвола за основање и работа на давателот на финансиски лизинг.

(2) Решението од став (1) на овој член особено содржи:

1) назив и седиште на друштвото за лизинг;
2) име и презиме/назив на основачот на друштвото за лизинг;
3) износ на основната главнина и
4) име и презиме на членот на органот на управување.

(3) Давателот на финансиски лизинг е должен да започне со склучување на договори за лизинг во рок од шест месеци од денот на неговиот упис во трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар.

Упис во трговски регистар
Член 11

(1) Давателот на финансиски лизинг стекнува својство на правно лице со упис во трговскиот регистар што се води кај Централниот регистар.

(2) Давателот на финансиски лизинг е должен да поднесе пријава за упис во трговскиот регистар во рок од 30 дена од денот на добивањето на дозволата за основање и работа.

(3) Кон пријавата за упис во трговскиот регистар се поднесуваат:

1) акт за основање на давателот на финансиски лизинг;
2) дозволата за основање и работа;
3) доказ дека се уплатени паричните средства на име основна главнина на привремена сметка во банка и
4) други документи согласно со прописите за упис на трговско друштво во трговскиот регистар.

(4) Централниот регистар ја отфрла пријавата за упис во трговскиот регистар доколку не биде поднесена во рокот од ставот (2) на овој член и за тоа писмено го известува Министерството за финансии, во рок од пет дена од денот кога е отфрлена пријавата.

(5) Давателот на финансиски лизинг е должен во рок од десет работни дена по уписот во трговскиот регистар писмено да го извести Министерството за финансии за извршениот упис.

Регистар на даватели на финансиски лизинг

Член 12

(1) Министерството за финансии води Регистар на даватели на финансиски лизинг во електронска форма.

(2) Во Регистарот од став (1) на овој член се внесуваат следниве податоци за давателите на финансиски лизинг:

1) назив и седиште;
2) број и датум на дозволата за основање и работа;
3) единствен матичен број на субјектот;
4) основната главнина и
5) членови на орган на управување.

(3) Давателот на финансиски лизинг се упишува во Регистарот во рок од три дена од денот на доставувањето на известувањето од член 11 став (5) од овој закон.

(4) Давателот на финансиски лизинг се брише од Регистарот веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на одземање на дозволата согласно член 33 став (1) од овој закон.

Согласности

Член 13

(1) Давател на финансиски лизинг, без претходна согласност од Министерството за финансии, не смее да:

1) именува член на орган на управување;
2) изврши промена во сопственичката структура и
3) ја промени основната главнина.

(2) Пред именување на член на орган на управување, давателот на финансиски лизинг е должен до Министерството за финансии да поднесе барање за добивање на претходна согласност кон кое ги приложува доказите за исполнување на условите од членот 6 од овој закон.

(3) Давателот на финансиски лизинг е должен барањето од ставот (2) на овој член да го поднесе најдоцна 60 дена пред престанокот на мандатот на член на орган на управување, односно најдоцна во рок од 15 дена од денот на разрешувањето, оставката, смртта или одземањето на согласноста на член на орган на управување, а најдоцна во рок од три месеци од настанување на условот за престанок на член на орган на управување да предложи член кој го исполнува условот од членот 6 од овој закон.

(4) Пред промена во сопственичката структура, давателот на финансиски лизинг е должен до Министерството за финансии да поднесе барање за добивање на претходна согласност кон кое ги приложува доказите за исполнување на условите од членот 5 став (3) точки 4), 5), 6), 7) и 9) и став (6) од овој закон, односно доказите од членот 5 ставови (4) и/или (5) од овој закон.

(5) Пред промена на основната главнина, давателот на финансиски лизинг е должен до Министерството за финансии да поднесе барање за добивање на претходна согласност кон кое приложува образложение за причините за промена на основната главнина и доказ за извори на средства, доколку се врши зголемување на основната главнина.

(6) Кон барањето од ставовите (2), (4) и (5) на овој член, се доставува и доказ за уплатен надоместок за поднесување барање за претходна согласност во износ од 30.000 денари.

(7) По барањето од ставовите (2), (4) и (5) на овој член Министерството за финансии одлучува во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(8) Доколку барањето не е комплетно, Министерството за финансии го известува подносителот на барањето да ги достави потребните документи и информации најмногу во рок од 15 дена.

(9) Во рокот од ставот (7) на овој член не се пресметуваат роковите од ставот (8) на овој член.

(10) Министерството за финансии врз основа на барањето и поднесената документација од ставовите (2), (4) и (5) на овој член донесува решение за издавање на согласност, за одбивање или за отфрлање на барањето. При одлучувањето по барањето соодветно се применуваат одредбите од членот 7 ставови (4), (5) и (6) и членовите 8, 9 и 10 од овој закон.

(11) Давателот на финансиски лизинг е должен во рок од десет работни дена од денот на уписот во Централниот регистар на промената за која е добиена претходна согласност од ставовите (2), (4) и (5) на овој член да го извести Министерството за финансии за извршениот упис.

(12) Формата и содржината на барањата од ставовите (2), (4) и (5) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Известувања

Член 14

(1) Давателот на финансиски лизинг е должен да го извести Министерството за финансии за:

1) промена на седиштето;
2) промена на називот;
3) отворање или затворање на подружница во земјата или странство;

4) постоењето на основа за престанок на давателот на финансиски лизинг или за одземање на дозволата и
5) промена на интерните процедури за вршење на финансиски лизинг, вклучувајќи и критериуми и услови за финансирање на корисникот на лизинг, доставени согласно член 5 став (3) точка 10) од овој закон.

(2) Давателот на финансиски лизинг е должен да го извести Министерството за финансии за случаите од ставот (1) на овој член во рок од десет работни дена од денот на настанувањето на дејствието.

Статусни промени

Член 15

(1) Статусна промена на присоединување и спојување може да се изврши само меѓу два или повеќе даватели на финансиски лизинг.

(2) Статусна промена на поделба на друштвото за лизинг може да се изврши само на два или повеќе даватели на финансиски лизинг.

(3) За статусна промена на давател на финансиски лизинг е потребна дозвола од Министерството за финансии.

(4) За издавање на дозволата од ставот (3) на овој член соодветно се применуваат одредбите од членовите 5, 6, 7, 8, 9 и 10 од овој закон.

(5) Давателот на финансиски лизинг е должен да достави пријава за упис на промена во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар во рок од 15 дена од денот на добивањето на дозвола за статусни промени. Кон пријавата за упис во трговскиот регистар задолжително се поднесува дозволата од ставот (3) на овој член.

(6) Давателот на финансиски лизинг е должен во рок од десет работни дена по уписот во трговскиот регистар на статусната промена писмено да го извести Министерството за финансии за извршениот упис.

Договор за финансиски лизинг

Член 16

(1)Договорот за финансиски лизинг особено содржи:

1) податоци за договорните страни;

2) предмет на лизингот и негови идентификациски обележја;

3) вредност на предметот на лизингот;

4) времетраење на договорот;

5) износ, број и рокови за плаќање на ратите;

6) услови и начин на плаќање;

7) права и обврски на договорните страни;

8) услови за користење, одржување и осигурување на предметот на лизинг;

9) услови за пренос на сопственоста, доколку е договорен;

10) услови за раскинување на договорот и последици од раскинувањето;

11) начин на решавање на споровите;

12) вкупен износ на надомест за лизинг што го плаќа корисникот на лизинг;

13) назив и седиште на органот за надзор и

14) други права и обврски утврдени со закон.

(2) Договорот за финансиски лизинг задолжително се заверува кај нотар.

(3) Договорот за лизинг може да се склучи во писмена или во електронска форма, доколку се исполнети критериумите пропишани во согласност со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги, како и прописите за спречување на перење пари, заштита на лични податоци и други важечки прописи. Сите прилози, измени и дополнувања на договорот за лизинг може да се направат и во електронска форма.

(4) Договорот за финансиски лизинг кој, од кои било причини, престане пред истекот на една година во случај кога предмет на лизинг се движни ствари, односно пред истекот на две години кога предмет на лизинг се недвижни ствари, за даночни цели се смета за договор за оперативен лизинг.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, договорот за финансиски лизинг нема да се смета за договор за оперативен лизинг доколку престанал пред истекот на роковите од ставот (4) на овој член поради целосно уништување, кражба, противправно одземање, конфискација на предметот на лизинг, настан на виша сила или други околности независни од волјата на договорните страни, поради кои предметот на лизинг трајно не може да се користи согласно неговата намена.

(6) Предвремената отплата на договорот за лизинг од членот 21 од овој закон не се смета за престанок на договорот за лизинг во смисла на ставот (4) на овој член.

(7) Споровите кои произлегуваат од договорите за финансиски лизинг ќе се решаваат спогодбено меѓу странките, ако е така определено во договорот за лизинг, во спротивно, ќе се решаваат пред судовите на Република Северна Македонија.

### Договор со продавачот
### Член 17

(1) Во случај кога корисникот го определил продавачот и му наложил на давателот да склучи договор за купопродажба со истиот во согласност со прописите со кои се регулираат облигационите односи, обврските на продавачот кои произлегуваат од договорот за продажба во врска со предметот на договорот за лизинг, директно се однесуваат на корисникот за кого се обврзувачки, освен доколку поинаку не е утврдено во договорот за лизинг или со посебен договор во писмена или електронска форма склучен меѓу давателот и корисникот.

(2) Продавачот е одговорен за предметот на лизинг определен во договорот за лизинг или за предметот кој ќе биде определен со договорот за лизинг, во зависност од условите од договорот за продажба, освен ако тоа не е во спротивно со прописите на Република Северна Македонија. Доколку, поконкретно не се утврдени посебните услови во договорот за продажба во врска со одговорноста на продавачот, ќе се применуваат одредбите на прописите со кои се регулираат облигационите односи.

(3) Одговорноста на продавачот за надомест на штета или исполнување на обврските врз основа на договорот за продажба, во случај кога обврските се однесуваат и кон давателот и кон корисникот, освен доколку поинаку не е определена во договорот за продажба, ќе се смета за извршена со плаќање било кон давателот или кон корисникот.

(4) За обврските на продавачот кои произлегуваат од договорот за продажба се известува и корисникот.

(5) Известувањето од став (4) на овој член не му дава право на корисникот да бара раскинување на договорот за продажба без претходна согласност на давателот во писмена или електронска форма.

Обврски на страните

Член 18

(1) Корисникот е должен да определи дали предметот на лизинг кој треба да биде преземен врз основа на договорот за лизинг, ги исполнува договорените услови пред истиот да го прими согласно договорот за лизинг.

(2) Во моментот кога корисникот ќе го прими предметот на лизинг, за давателот на лизинг настанува обврска за плаќање кон продавачот за купениот предмет на лизинг, освен ако поинаку не е предвидено во договорот за купопродажба.

(3) Доколку предметот не ги исполнува условите определени во договорот за купопродажба во согласност со прописите со кои се регулираат облигационите односи, а согласно договорот за лизинг, корисникот има право да го одбие предметот во рок од 30 работни дена од приемот, по кој рок корисникот го губи правото да го одбие предметот.

(4) Во случај на одбивање на предметот од страна на корисникот, корисникот е должен да го чува предметот најмногу 30 работни дена од приемот, освен ако не се утврди друг рок со договорот за лизинг.

(5) Во случај кога давателот го набавил предметот на договорот за лизинг по барање на корисникот или доколку корисникот го определил продавачот, со кој давателот склучил договор за купопродажба, давателот е ослободен од одговорност кон корисникот за обврските на продавачот кои произлегуваат од договорот за купопродажба во врска со предметот (квалитетот на предметот на лизинг, исправноста на работењето, како и за неговото навремено доставување до корисникот или давателот, замена или поправка на дефект или инсталирање на предметот), освен ако поинаку не е договорено.

(6) Во случај кога давателот го избрал продавачот, тие солидарно одговараат за секоја штета настаната во врска со предметот кон корисникот, која произлегува од став (5) на овој член, освен доколку поинаку не е договорено во писмена или електронска форма меѓу давателот и корисникот.

(7) Давателот е одговорен за неиспорака, задоцнување со испорака или испорака на несоодветен предмет, само ако тоа произлезе од договорот за лизинг или ако до тоа е дојдено по негова вина.

(8) Давателот му гарантира на корисникот непречено користење на предметот на лизинг и во случај на неисполнувањето на обврската од страна на давателот кон трети лица.

Одржување на предметот

Член 19

(1) Корисникот е одговорен за одржување на предметот, кој е предмет на договорот за лизинг, во добра работна состојба, нормална употреба и абење, освен ако поинаку не е предвидено во договорот за лизинг.

(2) Корисникот ги сноси сите трошоци за одржување, како што е предвидено во став (1) од овој член, вклучувајќи ги работењето, техничкото одржување и поправката на предметот на лизинг, освен ако поинаку не е определено  во договорот за лизинг.

Плаќање на надомест

Член 20

(1) Со приемот на предметот на лизинг, за корисникот обврската за плаќање надомест за користење на предметот на лизинг, врз основа на договорот за лизинг станува апсолутна и неотповиклива.

(2) Корисникот е должен да изврши плаќање на надомест за користење на предметот на лизинг во износ и на начин определен со договорот за лизинг.

(3) Доколку корисникот не изврши било кое плаќање на надомест за користење на предметот на лизинг, како што е определено во договорот за лизинг, имајќи го предвид и грејс периодот утврден во договорот за лизинг, давателот може по барање во писмена или електронска форма, присилно да ги наплати било кои пресметани ненаплатени надоместоци, со пресметана законска затезна камата, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг.

(4) Корисникот не е должен да започне со плаќања согласно со договорот за лизинг, сé додека предметот кој е предмет на договорот за лизинг не е испорачан и прифатен од корисникот, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг или ако корисникот го изгубил правото да го одбие предметот врз основа на договорот за лизинг.

Предвремена отплата

Член 21

(1) Корисникот на финансиски лизинг-физичко лице има право во било кое време да го плати, целосно или делумно, неисплатениот дел од обврските согласно амортизациониот план, без дополнителни трошоци. Во тој случај, корисникот има право на намалување на вкупните трошоци утврдени во амортизациониот план за преостанатиот дел на траење на договорот за финансиски лизинг.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, давателот на финансиски лизинг има право на праведен надоместок за трошоците директно поврзани со предвремената отплата. Таквиот надоместок не смее да надмине 1% од износот на предвремената отплата, доколку периодот меѓу предвремената отплата и рокот на траење на договорот за финансиски лизинг се случи во период подолг од една година од рокот на траење на договорот, односно не повеќе од 0.5%, доколку предвремената отплата се случи во период не подолг од една година од рокот на траење на договорот.

(3) Корисникот на финансиски лизинг-правно лице го има правото од ставот (1) на овој член, доколку истото е утврдено во договорот за финансиски лизинг.

Регистрација во посебниот регистар на предметот на лизинг

Член 22

(1) Давателот или корисникот се должни во писмена или електронска форма, да поднесат барање на пропишан образец за упис на предметот кој е предмет на договорот на лизинг во посебен регистар кој се води во Централниот регистар. Давателот и корисникот можат да се договорат да го овластат нотарот кај кого е заверен договорот за лизинг, да го изврши уписот на предметот кој е предмет на договорот на лизинг во Централниот регистар. Поднесувањето на барањето за упис во електронска форма се врши согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис. Барањето за упис се поднесува во рок од пет работни дена од денот на потпишувањето на договорот за лизинг.

(2) Давателот или корисникот се должни до Централниот регистар да поднесат барање, во писмена или електронска форма согласно со Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, за запишување на секоја промена во договорот за лизинг во рок од пет работни дена од настанувањето на промената.

(3) Давателот или корисникот се должни во рок од пет работни дена од преземањето во владение на предметот на лизинг, а по основ на престанок или раскинување на договорот за лизинг, до Централниот регистар да поднесат барање во писмена или електронска форма согласно Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, за бришење на предметот од посебниот регистар.

(4) За извршениот упис, настанатите промени и бришење се издава потврда во писмена или електронска форма согласно со прописите кои се однесуваат на податоците во електронски облик и електронски потпис. Исправата за упис мора да ги содржи битните елементи од договорот, денот и часот на приемот на барањето во регистарот како и времето на издавањето на исправата.

(5) Формата и содржината на барањето, како и начинот на вршење на упис, промена и бришење на предметот кој е предмет на договорот на лизинг во посебниот регистар кој се води во Централниот регистар го пропишува директорот на Централниот регистар.

Осигурување

Член 23

(1) Доколку не е поинаку определено во договорот за лизинг, од моментот на приемот на предметот, корисникот е должен да го осигура предметот, кој е предмет на договорот за лизинг кај друштво за осигурување од било каков ризик или оштетување на предметот и повреда на трети лица предизвикана со предметот или со негово користење или поседување од корисникот, се' додека предметот не биде вратен на давателот, согласно со закон, сметано од датумот кога корисникот го примил на поседување предметот до истекот на периодот за кој е склучен договорот за лизинг.

(2) Доколку поинаку не е определено во договорот за лизинг, корисникот ги сноси сите ризици од загуба или оштетување на предметот, како и штети на трети лица, освен оние кои се предизвикани со намера, или со крајно невнимание на давателот или продавачот.

Користење на предметот како залог

Член 24

(1) Давателот на финансиски лизинг не може да го користи предметот на финансиски лизинг како залог без претходна писмена согласност од корисникот дадена пред нотар во посебен документ-изјава, одвоен од договорот за финансиски лизинг и општите услови, со јасно назначување на правните последици од таквата согласност.

(2) При регистрација на залогот во Заложниот регистар, давателот задолжително ја приложува согласноста од ставот (1) на овој член.

(3) Договорите за залог склучени спротивно на ставот (1) од овој член се ништовни.

Враќање на предметот

Член 25

(1) Предметот се враќа на давателот или на лице овластено од давателот на датумот и според условите и начинот утврдени во договорот за лизинг, а ако тоа не е утврдено се постапува според вообичаени рокови за таква намена.

(2) Кога договорот за лизинг престанува од било која причина, корисникот, во согласност со договорот за лизинг, освен доколку не гоползува правото да го купи предметот, е должен да го врати предметот во иста состојба во која бил даден, подложен на нормална употреба и абење, освен доколку поинаку не е определено во договорот за лизинг.

(3) Доколку поинаку не е определено во договорот за лизинг, давателот го прегледува предметот при негово враќање во владение на давателот, во рок од 30 работни дена. Во случај кога не е реално возможно да се направи тоа, давателот има дополнителен рок кој е разумно потребен за преглед на предметот и го известува во писмена или електронска форма корисникот, ако вратениот предмет не е во согласност со условите определени во договорот за лизинг. Неможноста во писмена или електронска форма да го извести корисникот во погоре наведениот рок, ќе се смета за прифаќање од страна на давателот дека предметот е вратен во соодветна состојба, освен ако таквата несоодветност не можела да биде откриена од давателот, внимателно спроведувајќи го прегледот.

(4) Во случај на започнување на стечајна постапка на корисникот, давателот има право, по известување во писмена или електронска форма од корисникот, веднаш да си го поврати предметот, кој е предмет на договорот за лизинг на трошок на корисникот, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг или ако поинаку не е договорено во посебен документ во писмена или електронска форма меѓу давателот и корисникот.

Купување на предметот

Член 26

(1) Во договорот за финансиски лизинг може да се предвиди право на откуп на предметот од страна на корисникот на денот или пред истекот на договорениот период за користење на предметот.

(2) По истекот на договорот за лизинг, корисникот ќе стекне сопственост на предметот после плаќањето на сите надоместоци и побарувања кои произлегуваат од договорот за лизинг, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг.

Раскинување на договорот за лизинг

Член 27

(1) Доколку условите определени во договорот за лизинг не се исполнуваат од едната договорна страна, другата договорна страна може да го раскине договорот за лизинг со претходно известување во писмена или електронска форма до првата договорна страна во рок не пократок од 5 работни дена.

(2) Договорната страна која го раскинува договорот за лизинг се ослободува од сите договорни обврски кои произлегуваат од него по даденото известување, освен ако поинаку не е определено во договорот за лизинг.

(3) Во случај кога давателот го определува продавачот, корисникот може да побара раскинување на договорот за лизинг со претходно известување во писмена или електронска форма до давателот, доколку испорачувањето на предметот не се изврши во рок од 30 работни дена од денот кога треба да се испорача предметот на договорот за лизинг, освен ако поинаку не е определено со договорот за лизинг.

(4) Во случај да и е дадена можност на една од договорените страни да го отстрани утврдениот недостаток, кој го сторила, другата договорна страна има право еднострано да го раскине договорот за лизинг, ако првата договорна страна не го отстрани недостатокот во рокот договорен меѓу нив.

(5) Давателот може, освен доколку поинаку не е определено во договорот за лизинг, да го раскине договорот за лизинг и да бара веднаш да биде вратен предметот ако:

1) корисникот не извршил плаќање надомест за користење на предметот на лизинг како што е предвидено во договорот за лизинг;
2) корисникот го пренел правото на користење на предметот без претходна писмена согласност од давателот;
3) корисникот не го осигура предметот, а бил должен да го стори тоа;
4) давателот разумно оцени дека постои опасност предметот, којшто е предмет на договорот за лизинг да се изнесе надвор од земјата во која било дозволено да се користи, доколку договорот за лизинг ограничи предметот да се користи во друга земја, или постоел обид да се стори тоа и
5) доколку корисникот несовесно и недомаќински го користи предметот.

(6) Корисникот на финансиски лизинг не може да се откаже од договорот за финансиски лизинг во смисла на член 14 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити.

Пренесување на права и обврски што произлегуваат од договорот за лизинг

Член 28

(1) Давателот може да ги пренесува или на друг начин да ги остварува сите или некои од неговите права и користи на предметот кои произлегуваат од договорот за лизинг, под услов таквото пренесување или остварување да не е во спротивност со правото на корисникот во целост да го користи предметот сé додека корисникот ги прифаќа и исполнува обврските од договорот за лизинг, освен ако поинаку не е предвидено во договорот за лизинг и/или доколку тоа не е во спротивност со законите на Република Северна Македонија.

(2) Пренесувањето или остварувањето на правата од ставот (1) на овој член не го ослободува давателот од обврските кои произлегуваат од договорот за лизинг.

(3) Корисникот може да го пренесе правото за користење на предметот и/или обврските што произлегуваат од договорот за лизинг, само со претходна писмена согласност од давателот добиена врз основа на барање поднесено од корисникот.

(4) Барањето од ставот (3) на овој член задолжително содржи:

1) број и датум на договор за лизинг меѓу давателот и корисникот;
2) назив, адреса, единствен матичен број на правното или физичкото лице (ЕМБГ или ЕМБС) на кое се пренесува правото и
3) период за кој се врши преносот.

(5) Корисникот не може истовремено да ги пренесува и правата и обврските утврдени со овој закон и со договорот за лизинг, без согласност на давателот.

Сметководство, финансиски извештаи и ревизија

Член 29

(1) Давателот на лизинг го води сметководството и ги изготвува финансиските извештаи во согласност со Законот за трговските друштва и усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување.

(2) Финансиските извештаи на давателот на финансиски лизинг се предмет на ревизија од страна на овластено друштво за ревизија, во согласност со прописите за ревизија.

(3) Овластеното друштво за ревизија не смее да врши ревизија во давател на финансиски лизинг на кој му дава или во последните две години му давало консултантски или било какви други услуги.

(4) Давателот на финансиски лизинг е должен да ги објави годишниот финансиски извештај заедно со извештајот и мислењето на овластениот ревизор на својата интернет страна, во рок од 15 календарски дена од денот на доставувањето на извештаите до Министерството за финансии и да достави доказ за истото до Министерството за финансии.

(5) Давателот на финансиски лизинг е должен до 31 мај во тековната година до Министерството за финансии да достави примерок од финансискиот извештај за претходната година заедно со извештајот од извршената ревизија.

(6) Друштвото за ревизија е должно веднаш да го извести Министерството за финансии доколку при ревизијата утврди дека:

1) Давателот на финансиски лизинг направил сериозни прекршувања на одредбите од овој или друг закон и

2) финансиската состојба на давателот на финансиски лизинг е влошена со што се доведува во прашање неговото нормално функционирање.

Извештаи

Член 30

(1) Давателот на финансиски лизинг е должен во рок од 15 дена по истекот на рокот од членот 10 став (3) од овој закон до Министерството за финансии да достави извештај за склучени договори за лизинг.

(2) Давателот на финансиски лизинг е должен до Министерството за финансии најмалку два пати годишно и тоа најдоцна до 28 февруари во тековната година за претходната година и најдоцна до 15 јули во тековната година за периодот од 1 јануари до 30 јуни од тековната година, како и по потреба, на барање на Министерството за финансии, да достави извештаи за финансиските активности и за состојбата и изворите на средствата.

(3) На барање на Министерството за финансии, давателот на финансиски лизинг доставува и други податоци и информации.

(4) Министерството за финансии на својата интернет страна ги објавува полугодишните и годишните извештаи во агрегирана форма.

(5) Формата и содржината на образецот на извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член како и начинот на нивното доставување ги пропишува министерот за финансии.

Надзор

Член 31

(1) Министерството за финансии врши надзор над давателите на финансиски лизинг.

(2) Надзорот од ставот (1) на овој член го вршат лица овластени од министерот за финансии.

(3) Надзорот од ставот (1) на овој член се врши преку вонтеренско следење на работењето на давателите со прибирање и анализи на извештаите и податоците што давателите ги доставуваат до Министерството за финансии и непосредна контрола кај давателот.

(4) При надзорот од ставот (1) на овој член давателот е должен да ја стави или достави на увид целокупната расположива документација, како и дополнително да обезбеди документација што ќе биде побарана во копија или оргинал.

(5) Начинот на вршењето на надзорот од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за финансии.

(6) При вршење на непосредна контрола, Министерството за финансии може да ангажира надворешни експерти.

Мерки

Член 32

Спрема давател на финансиски лизинг за кој ќе се утврди дека не работи согласно со одредбите на овој закон, Министерството за финансии може:

1) да издаде писмена опомена;
2) да издаде писмена наредба со рок за отстранување на констатираните неправилности и незаконитости;
3) да издаде прекршочен платен налог;
4) за одреден период да забрани склучување на договори за финансиски лизинг и
5) да ја одземе дозволата.

Одземање на дозвола

Член 33

(1) Министерството за финансии може со решение да ја одземе дозволата за основање и работа на давател на финансиски лизинг ако:

1) не започне со склучување на договори за лизинг во рокот утврден во членот 10 став (3) од овој закон;
2) се утврди дека информациите што биле доставени во барањето за издавање дозвола или согласност се неточни, невистинити или повеќе не се исполнети;
3) не склучува договори за лизинг за период подолг од шест месеци;
4) во период од една година се преземени најмалку две мерки од членот 32 точка 3) (кои се однесуваат на прекршок од член 39 од овој закон) и/или точка 4) од овој закон;
5) е отворена стечајна или ликвидациона постапка над давателот на финансиски лизинг;
6) не ги спроведува мерките од членот 32 точки 2) и 4) од овој закон;
7) Централниот регистар ја отфрли пријавата за упис во трговскиот регистар;
8) основната главнина се намали под законскиот минимум и
9) не поднесе барање за добивање на претходна согласност за член на орган на управување во роковите од членот 13 став (3) од овој закон.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

(3) Жалбата од ставот (2) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(4) Министерството за финансии писмено го известува Централниот регистар за одземање на дозволата за вршење финансиски лизинг во рок од 5 дена од правосилноста на решението од ставот (1) на овој член.

(5) Членовите на органот на управување на давателот на финансиски лизинг се должни во рок од 30 дена од денот на одземањето на дозволата да започнат постапка за ликвидација или да поднесат предлог за отворање на стечајна постапка до надлежниот суд и за тоа да го известат Министерството за финансии во рок од три дена.

(6) Со донесување на решението од ставот (1) на овој член, давателот на финансиски лизинг не смее да склучува нови договори за лизинг, а во однос на постојните договори давателот соодветно ги применува одредбите од законот кој ја уредува стечајната постапка.

Одземање на согласност за член на орган на управување

Член 34

(1) Министерството за финансии со решение ја одзема издадената согласност на член на орган на управување кој повеќе не ги исполнува условите од членот 6 од овој закон, или ако на давателот со кој управува во период од една година се преземени најмалку две мерки од членот 32 точка 3) и/или точка 4) од овој закон.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Стечај

Член 35

(1) Во случај на отворање на стечај над корисникот, предметот се издвојува од другите средства (излачно право) и веднаш се враќа на давателот.

(2) Во случај на отворање на стечај над давателот на финансиски лизинг, корисникот или стечајниот управник може да бараат:

1) исполнување на договорот за финансиски лизинг во целост по што стечајниот управник е должен веднаш да ја пренесе сопственоста на предметот на финансиски лизинг на корисникот на лизинг согласно договорот за лизинг;
2) спроведување на постапка за пренесување на договорите за финансиски лизинг на друг дaвател на финансиски лизинг од Република Северна Македонија и
3) продолжување на договорот за лизинг.

(3) Постапката за пренос на договорите за финансиски лизинг на друг давател на финансиски лизинг од ставот (2) точка 2) на овој член се спроведува во постапка со јавен повик.

(4) Условите за пренос на договорите за финансиски лизинг меѓусебно ги утврдуваат стечајниот управник и давателот на финансиски лизинг на кој ќе бидат пренесени договорите за финансиски лизинг.

(5) Во случај на пренос на договорите за финансиски лизинг од давателот над кој е отворена стечајната постапка на друг давател на финансиски лизинг, правата и обврските на корисниците врз основа на пренесените договори за финансиски лизинг се исполнуваат и остваруваат кон давателот на финансиски лизинг на кој се пренесени договорите за финансиски лизинг.

Прекршочни одредби

Член 36

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд во Република Северна Македонија.

Постапка за издавање на прекршочен платен налог

Член 37

(1) За сторените прекршоци од овој закон, овластеното лице при констатирање на прекршокот должно е да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

(2) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 38

Глоба во износ од 40.000 до 50.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давателот на финансиски лизинг ако во рок од 30 дена од денот на одземањето на дозволата не е започната постапка за ликвидација или не е поднесен предлог за отворање на стечајна постапка до надлежниот суд и за тоа не го извести Министерството за финансии во рок од три дена.

Член 39

(1) Глоба во износ од 16.000 до 20.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршокот на давател на финансиски лизинг ако:

1) врши активности кои не смее да ги врши (член 4 став (5) од овој закон);
2) најмалку еден од членовите на органот на управување со давател на финансиски лизинг нема постојан работен однос во друштвото (член 6 став (3) од овој закон) или работниот однос не го воспостави согласно утврдените рокови (член 6 став (4) од овој закон);
3) не поднесе пријава за упис во трговскиот регистар во роковите утврдени во член 11 став (2), односно член 15 став (5) од овој закон, или поднесе пријава надвор од предвидените рокови;
4) постапи спротивно на одредбите од член 13 на овој закон;
5) изврши статусна промена без дозвола од Министерството за финансии (член 15 од овој закон);
6) го користи предметот на лизинг како залог без согласност од корисникот (член 24 од овој закон);
7) не го води сметководството и не ги изготвува финансиските извештаи во согласност со членот 29 од овој закон;
8) не достави до Министерството за финансии примерок од финансискиот извештај за претходната година заедно со извештајот од извршената ревизија во законскиот рок (член 29 став (5) од овој закон); и
9) при надзорот не ја стави на увид целокупната документација, односно не ја обезбеди дополнителната документација (член 31 став (4) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредностќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице на давателот на финансиски лизинг.

Член 40

(1) Глоба во износ од 8.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на давателот на финансиски лизинг ако:

1) не го извести Министерството за финансии за случаите утврдени во член 14 од овој закон, или го извести надвор од утврдените рокови;
2) не го извести Министерството за финансии за уписот во трговскиот регистар од член 11 став (5), односно член 15 став (6) од овој закон, или го извести надвор од утврдените рокови;
3) договорот за финансиски лизинг не е во согласност со член 16 од овој закон;
4) за обврските кои произлегуваат од договорот за продажба не се извести корисникот (член 17 став (4));
5) постапи спротивно на одредбите за предвремена отплата на договорот (член 21 од овој закон);
6) не го регистрира предметот на договорот за лизинг во пропишаниот рок (член 22 став (1)), не поднесе барање за запишување на промените во договорот за лизинг во пропишаниот рок (член 22 став (2)), односно не поднесе барање за бришење на предметот од посебниот регистар во пропишаниот рок (член 22 став (3) од овој закон);
7) го раскине договорот без претходно писмено известување (член 27 став (1) од овој закон);
8) не достави доказ до Министерството за финансии во согласност со член 29 став (4) од овој закон;

9) не доставува извештаи до Министерството за финансии во пропишаните рокови (член 30 од овој закон); и
10) достави извештаи за финансиските активности и за состојбата и изворите на средства кои не се во форма и содржина согласно со членот 30 став (5) од овој закон и/или содржат неточни и невистинити податоци.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице на давателот финансиски лизинг.

Член 41

(1) Глоба во износ од 600 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро трговец-корисник на лизинг, глоба во износ од 1.200 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец-корисник на лизинг, глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец-корисник на лизинг и глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец-корисник на лизинг, ако не поднесе барање за упис на предметот на договорот за лизинг во пропишаниот рок (член 22 став (1)), или не поднесе барање за запишување на промените во договорот за лизинг во пропишаниот рок (член 22 став (2)) или не поднесе барање за бришење на предметот од посебниот регистар во пропишаниот рок (член 22 став (3)).

(2) Глоба во износ од 100 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршоците од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице корисник на лизинг, односно на трговец поединец-корисник на лизинг за прекршоците од ставот (1) на овој член.

Член 42

(1) Глоба во износ од 800 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговец-поединец, глоба во износ од 1.200 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро трговец, глоба во износ од 1.800 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец, ако во називот на друштвото ги користи зборовите „лизинг” или од него изведени зборови (член 4 став (6) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 43

(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на нотар доколку е овластен, а во пропишаниот рок не поднесе барање за упис на предметот кој е предмет на договорот за лизинг (член 22 став (1)).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на стечајниот управник ако преносот на договорите за лизинг го спроведе без јавен повик (член 35 став (3)).

Член 44

(1) Глоба во износ 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на друштво за ревизија ако:

1) врши ревизија во давател на финансиски лизинг на кој му дава или во последните две години му давало консултантски или било какви други услуги (член 29 став 3 од овој закон) или

2) не го извести Министерството за финансии согласно со членот 29 став (6) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во друштвото за ревизија.

Член 45

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоци.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 46

Давателите на финансиски лизинг кои до денот на влегувањето во сила на овој закон добиле дозвола за основање и работа од Министерството за финансии и се запишани во трговскиот регистар при Централниот регистар, се должни во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон во однос на висината на основната главнина да се усогласат со одредбите од членот 4 од овој закон, односно во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да се усогласат со одредбите од членот 6 од овој закон, односно во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да се усогласат со одредбите од членовите 16 и 21 од овој закон.

(2) На давателите на финансиски лизинг кои во роковите од ставот (1) на овој член нема да се усогласат со одредбите од овој закон, Министерството за финансии во рок од 30 дена од денот на истекот на роковите од ставот (1) на овој член со решение им ја одзема дозволата за основање и работа.

Член 47

На склучените договори за финансиски лизинг, како и на започнатите постапки за склучување договори за финансиски лизинг до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 173/22).

Член 48

Започнатите управни постапки по поднесени барања за издавање дозволи за основање и работа на давател на финансиски лизинг, како и барања за издавање претходни

согласности согласно со Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.173/22) до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според законот по кој започнале.

Член 49

Подзаконските акти предвидени согласно со овој закон ќе се донесат во рок од 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 50

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/02, 49/03, 13/06, 88/08, 35/11, 51/11, 148/13, 145/15, 23/16 и 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.173/22).

Член 51

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членовите 1, 2, и 3 од Предлогот на закон, се уредуваат општите одредби, соодветната примена на одредбите на законите и значењето на основните поими употребени во законот.

Со членовите 4, 5 и 6 од Предлогот на закон, се уредува основањето и работењето на давател на финансиски лизинг, постапката за добивање на дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг и условите за основачите. Со одредбите се уредуваат и условите за членови на органот на управување на давател на финансиски лизинг, односно се утврдуваат критериуми за соодветност и репутација („fit and proper“ критериуми) заради имплементирање на препораките на MONEYVAL Комитетот при Советот на Европа во областа на спречување на перење пари и финансирање тероризам.

Со членовите 7, 8 и 9 од Предлогот на закон, се уредува постапката за одлучување по барањето за издавање дозвола за основање и работа на давател на финансиски лизинг, како и условите за отфрлање и одбивање на барањето. Се утврдуваат роковите за одлучување, постапување по некомплетни барања и  како и правото на жалба, со цел обезбедување на правна сигурност.

Со членовите 10 и 11 се уредуваат издавањето на дозволата за основање и работа, како и уписот на давателот на финансиски лизинг во трговскиот регистар и се утврдуваат роковите и обврските за започнување со работа.

Со членот 12 од Предлогот на закон, е утврдена обврска на Министерството за финансии да води електронски Регистар на даватели на финансиски лизинг.

Со членот 13 од Предлогот на закон, се уредува обврската за добивање претходна согласност од Министерството за финансии за именување член на орган на управување, промена на сопственичката структура и промена на основната главнина на давателот на финансиски лизинг. Исто така се уредуваат условите, документацијата и роковите за постапување по барањата, како и обврската за известување по извршените промени.

Со членот 14 од Предлогот на закон, се уредува обврската на давателот на финансиски лизинг за известување на Министерството за финансии за одредени промени и дејствија поврзани со неговото работење, како што се промена на седиште или назив, отворање или затворање на подружници, промени во интерните процедури, како и постоење на основи за престанок на работењето или одземање на дозволата.

Со членот 15 од Предлогот на закон, се уредуваат условите и постапката за статусни промени кај давателите на финансиски лизинг, издавањето дозвола за статусна промена од Министерството за финансии, како и роковите за упис во трговскиот регистар и обврската за известување по извршената статусна промена.

Со членовите од 16 до 28 од Предлогот на закон, се уредуваат основните и задолжителните елементи на договорот за финансиски лизинг, при што се утврдува задолжителната содржина на договорот, начинот на негово склучување, заверка и можноста за електронска форма. Се пропишува и дека договорот мора да биде јасен во однос на правата и обврските на двете страни, предметот на лизингот, условите за користење, плаќање, осигурување, одржување и евентуален откуп.како и поврзаните односи со продавачот на предметот на лизинг. Понатаму, се уредуваат правните односи меѓу давателот, корисникот и продавачот на предметот, како и одговорностите во случај на недостатоци, доцнења или неисполнување на обврските. Се воспоставуваат правила за предвремена отплата, регистрација на предметот во посебен регистар, заштита преку осигурување и ограничувања за заложување на предметот. Дополнително, се уредуваат правилата за враќање на предметот по истек или раскинување на договорот, условите за раскинување, пренесување на права и обврски, како и можноста за откуп на предметот.

Со членовите 29 и 30 од Предлогот на закон, се уредуваат обврските на давателот на финансиски лизинг во однос на водењето сметководство, изготвување и ревизија на финансиските извештаи, нивното објавување и доставување до Министерството за финансии, како и обврската за редовно доставување извештаи, податоци и информации за работењето на друштвото.

Со членовите 31, 32, 33 и 34 од Предлогот на закон, се уредуваат надзорот над работењето на давателите на финансиски лизинг, мерките што може да ги преземе Министерството за финансии во случај на утврдени неправилности, условите за одземање на дозволата за основање и работа и условите за одземање на согласноста на член на орган на управување.

Со членот 35 од Предлогот на закон, се уредуваат правните последици од отворање стечајна постапка над корисникот или давателот на финансиски лизинг, како и правата и обврските на страните во однос на предметот на лизинг и договорите за финансиски лизинг.

Со членовите од 36 до 45 од Предлогот на закон, се уредуваат прекршочните одредби.

Со членовите од 46 до 51 од Предлогот на закон, се уредуваат преодните и завршните одредби.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и постои нивна поврзаност со одредбите од Законот и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Унапредување на правната и институционалната рамка за вршење на финансиски лизинг преку воспоставување јасни правила за основање, работење и надзор над давателите на финансиски лизинг.